Коалиција
**„Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“**
Бул.Климент Охридски 66-1/3
1000 Скопје
Тел. + 389 2 3 214 269
www.coalition.org.mk

**Акциски план за застапување за донесување закон за правно признавање на родот**

**(2017-2019)**

Акцискиот план се изработи на 21 јули 2017 година, на работилница модерирана од Richard Kohler, TGEU. На работилницата учествуваше тимот од извршната канцеларија на Коалиција, претставници од организациите членки на Коалицијата и луѓе од транс заедницата.

**Целта на акцискиот план** е да обезбеди јасни чекори за застапување за донесување на соодветен закон за правно признавање на родот, во процес кој од една страна ќе ги вклучи и ќе соработува со донесувачите на одлуки и надлежните институции, а од друга страна ќе обезбеди учество на транс заедницата и граѓанските организации кои се застапуваат за унапредување на правата на транс луѓето.

## 1. Опис на моментална состојба

Во Р. Македонија недостасува јасна правна рамка со која се регулира правното признавање на родот. Правното признавање или потврдување на родовиот идентитет во матичната евиденција подразбира промена на личните податоци кои го одразуваат полот назначен при раѓање. Во Македонија е дозволена промената на податоците во матичната евиденција врз основа на решение од надлежен орган. Не постои забрана за промена на ознаката за пол и матичниот број во матичната евиденција, но во пракса, транс луѓето се соочуваат со пречка при промената на податоците и усогласување на личните податоци според нивниот родов идентитет. И покрај повиците на Коалицијата до надлежните институции за усогласување на нивното постапување во случаите кога одлучуваат по барањата за промена на ознаката за пол во матичната евиденција, и во 2016 Управата за водење на матичните книги продолжи со донесување на арбитрарни одлуки со кои се повредува правото на приватен живот на транс

луѓето. Досега, само едно транс лице успеало да изврши промена на податоците во матичната евиденција[1]. Загрижува фактот што Управата за водење на матичните книги дала различни образложенија со кои одбива барање за промена на ознаката за пол во документите во три слични ситуации, со што се става во прашање правната сигурност на граѓаните во остварувањето на нивните права. Со цел заштита на правата, едно транс лице бара заштита пред Европскиот суд за човекови права, кој наметнува обврска за државите, вклучувајќи ја и Република Македонија, правно да го признаат родот на транс луѓето и да им издадат документи кои го одразуваат нивниот родов идентитет.

Луѓето кои извршиле хируршка интервенција за потврдување на родот во странство, а им се ограничува правото на правно признавање на родот во матичната евиденција, ги остава во лимбо ситуација во која документите за лична идентификација не го одразуваат нивниот родов идентитет. Во таква ситуација, овие луѓе се секојдневно жртви на дискриминација, вознемирување од околината, а имаат и пречки во реализирањето на правото на вработување, лекување, пристап до добра и услуги и др.

## 2. Што постигнавме до сега

Во 2016-17 година Коалицијата спроведе 3 анализи:

- **Анализа на здравствените потреби на транс луѓето и достапноста на здравствените услуги во Република Македонија**

Анализата ги презентира проблемите со кои се соочуваат транс луѓето во рамките на здравствениот систем во Македонија, при добивањето на здравствени услуги поврзани со процесот на медицинска транзиција кон преферираниот род, но и при добивање на здравствени услуги од општата здравствена заштита. Резултатите покажуваат низок степен на познавање на потребите на транс луѓето од страна на здравствените работници. Тие не се обучени, ниту сензибилизирани за работа со оваа популација, а здравствениот систем покажува изразено неприфаќање на транс луѓето, за што сведочат и бројните примери добиени при истражувањето. Од друга страна, анализата ги мапира постоечките капацитети на здравствените установи да одговорат на потребите на транс луѓето во пружање на здравствени услуги поврзани со медицинската процедура за потврдување на родот. Резултатите покажуваат потреба од градење на капацитетите на персоналот, дополнителна обука на здравствените работници во странски

[1] Две лица, со пресудата на Управниот суд од септември 2017. При пишувањето на овој документ, тој случај не беше завршен.

Коалиција
**„Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“**
Бул.Климент Охридски 66-1/3
1000 Скопје
Тел. + 389 2 3 214 269
www.coalition.org.mk

држави каде веќе подолго време успешно се даваат низа на здравствени услуги (дијагностика, ендокринолошки услуги, оперативни зафати, постоперативна нега и психосоцијална поддршка), и/или менторство од страна на странски лекари кои ќе ги обучуваат здравствените работници од соодветните медицински гранки во Македонија. Најголем проблем за реализирање на здравствените услуги на транс луѓето во процесот на транзиција е непризнавањето на овие медицински процедури од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување како неопходни за унапредување на животот и здравјето на транс луѓето. Според анализата, потребно е вклучување на овие интервенции во ДРГ системот (diagnosis related group) на Фондот за здравствено осигурување за да можат да бидат идентификувани како услуги кои се нудат во соодветните здравствени установи и да можат да бидат финансиски покриени од страна на државата. Понатаму, потребно е дефинирање на процесот на медицинската транзиција преку усвојување на медицински протокол, формирање на тимови за спроведување на овие интервенции и следење на состојбата на транс луѓето.

Во недостиг на здравствени услуги за потврдување на родот во Македонија, транс луѓето помош бараат во странство, најчесто во соседната Република Србија. Сите здравствени услуги надвор од земјата ги покриваат од сопствени средства, што најчесто претставува сериозно финансиско оптоварување со кое се загрозува нужното издржување на транс луѓето и нивните семејства. Анализата содржи лични прикази и документирани случаи на повреда на правата на транс луѓето во здравствен контекст кои ќе бидат искористени во процесот на застапување за воспоставување на квалитетни здравствени услуги во процесот на транзиција, но и пристап до основна здравствена заштита.

- **Анализа на позитивни практики за правно признавање на родот**

Целта на оваа анализа е да обезбеди информации за развојот на меѓународните стандарди за заштита на правата на транс луѓето и нивното влијание врз националните законодавства. Во Европа и светот постојат различни модели на регулирање на постапката за промена на документите на транс луѓето, кои најчесто се компликувани и бараат исполнување услови што задираат длабоко во фундаменталните права. Во Европа 37 земји имаат законски одредби со кои се регулира правното признавање на родот, 35 од нив предвидуваат дијагностицирање на ментално нарушување, додека 23 земји бараат да се изврши стерилизација пред да се одобри признавањето на промената во документите за лична идентификација. Посебен фокус во рамките на анализата се става врз законите на Данска (2014), Малта (2015) и Ирска (2015), кои во моментов се позитивен пример на добро регулирано правно признавање на родот на транс луѓето, преку целосно почитување на нивните права.

**Заклучоци:**

Коалиција
**„Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“**
Бул.Климент Охридски 66-1/3
1000 Скопје
Тел. + 389 2 3 214 269
www.coalition.org.mk

Постапката за правно признавање на родот е значајна мерка за заштита од дискриминација на транс луѓето. Во Европа веќе се имплементираат првите закони што ги рефлектираат нивните потреби. Данска, Малта и Ирска донесоа закони што предвидуваат брза, транспарентна и лесно пристапна постапка за правно признавање на родот. Правниот и политичкиот контекст во сите три земји е различен, но она што ги поврзува е фактот дека во текот на целиот процес на подготовка и донесување на законите е вклучена и транс заедницата. Она што е карактеристично, посебно во Малта и во Ирска, е што промената на политичката волја за отпочнување на процесот на донесување законска рамка за правно признавање на родот се случува со преземањето на власта од страна на левоориентирани политички партии, кои својата програма ја темелат на човековите права.

Должината на процесот на донесување на овие закони е различен, но во сите земји големо влијание извршил и развојот на меѓународната практика за заштита на правата на транс луѓето врз конечното усвојување на законите. Исто така, постапките водени пред домашните институции извршиле значајно влијание врз начинот на кој земјите одлучиле да го регулираат правното признавање на родот. Ирскиот случај на Лидија Фој е добар пример за стратегиско судско застапување за правата на транс луѓето, кој резултирал со одлука на судот со која се бара од државата да го усогласи законодавството со ЕКЧП.

Во сите три земји се усвоени закони со кои се дозволува правно признавање на родот со поднесување на барање кон кое се приложува изјава за желбата да се промени ознаката за пол, односно желбата да се живее во преферираниот род, различен од полот назначен при раѓањето. Во согласност со препораките на Советот на Европа, елиминирана е секоја можност од подведување на медицинска интервенција како услов за стекнување со правото на правно признавање на родот. Во постапката за правно признавање на родот во трите земји што се предмет на анализа се менуваат името и презимето, ознаката за пол, и матичниот број доколку тој има ознака за полот (Данска). Постојат разлики во возрасната граница од која транс луѓето можат да се стекнат со правно признавање на родот. Данскиот закон дозволува само полнолетни транс луѓе да ја започнат постапката, додека во Ирска во име на децата од 16 години барањето го поднесува родителот или старателот. Најпрогресивен е законот во Малта, кој нема ограничување на возраста, а според последните измени и лица со наполнети 16 години можат да бараат правно признавање на родот без согласност на родителите. Покрај ова, Малта овозможува и правно признавање на родот на затворениците и има усвоени специфични политики за постапување со транс затворениците. Малта е, исто така, една од ретките земји во светот што имаат усвоено одредби со кои се штити телесната автономија и физичкиот интегритет на интерсексуалците. Законот забранува каков било третман или хируршка интервенција на половите карактеристики кај малолетни луѓе, доколку станува збор за интервенција што може да биде одложена додека лицето не биде способно да даде информирана согласност.

Од анализата на контекстот во кој се имплементираат законите може да се заклучи дека тие се спроведуваат во јасна и транспарентна постапка, која нема правна празнина на штета на правата на транс луѓето. Ова е посебно значајно да се има предвид при планирањето на Законот, бидејќи практиката во Република Македонија покажува дека усвоените закони не се спроведуваат секогаш доследно.

Од анализата можеме да заклучиме дека Македонија е на најниското скалило на почитување на правата на транс луѓето, спротивно на обврските од ЕСЧП. Поради ова, неопходно е итно отпочнување на процес на подготовка на сеопфатен закон, кој ќе обезбеди лесен пристап до правно признавање на родот и почитување на правото на самоопределување, без наметнување на медицински интервенции како услов за остварување на ова право. Неопходно е, по примерот на Малта, да се обезбеди реформа и на други закони што ги засегаат правата на транс луѓето, а кои ќе бидат во согласност со правото на правно признавање на родот.

Искуствата од другите земји покажуваат дека само со сеопфатна реформа и јасно демонстрирана политичка волја за почитување и унапредување на правата на транс луѓето ќе се овозможи непречено спроведување на правното признавање на родот. Анализата ќе послужи на институтциите кои ќе бидат вклучени во работната група за подготовка на законско решение во Република Македонија, да се запознаат со современите трендови и постоечките моделите за правно признавање и да можат да ги применат добрите пракси во национален контекст.

- **Трансродовото искуство: идентитети, социјализација и политизација -Истражување во заедницата.**

Целта на ова истражување е да овозможи увид и знаење за, како и да му даде глас на, искуството на трансродовите луѓе низ неколкукратна перспектива. Одовде, од една страна, предмет на нашето истражување се главните обележја, теми и пресвртни точки на трансродовото искуство на формирање на идентитетот, како родовиот, така и сексуалниот, земајќи ги притоа предвид комплексните социјалните динамики и интерсубјективни релации во, преку и наспроти кои се формира трансродовиот идентитет. Од друга страна, истражувањето цели да им даде глас и да ги земе предвид наративите и приказните на самите трансродови лица, преку анализа и претставување на клучните проблеми и потреби кои тие ги идентификуваат, а врз основа на специфичноста на нивното искуство. Трето, истражувањето стреми да ги претстави и препознае/признае трансродовите искуства на формирање на релации на интимност, социјални светови и пријателства, и мрежи на поддршка преку кои трансродовите лица преживуваат и ги потврдуваат своите идентитети во високо трансфобичната социо-политичка и културна средина. Конечно, истражувањето има за цел да ги стави во

Коалиција
**„Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“**
Бул.Климент Охридски 66-1/3
1000 Скопје
Тел. + 389 2 3 214 269
www.coalition.org.mk

преден план погледите, чувствата и потребите за активистичка мобилизација на транс лицата, како и влијанието на активистичкото делување врз трансродовата идентитетска формација.

Теренскиот дел на истражувањето се спроведуваше во периодот од јуни до септември 2017, преку спроведување на длабински интервјуа со 23 транс лица. Истражувањето ќе биде готово во ноември 2017 година и резултатите од истото ќе бидат презентирани на активисти, граѓански организации, надлежни институции и донесувачи на одлуки.

Коалицијата СЗПМЗ континуирано работи на застапување за унапредување на правата на транс луѓето, вклучително и на проблемот за правно признавање на родот. Коалицијата обезбедува правна помош и водење на правни постапки пред националните институции и регионалните механизми за заштита на човековите права. Покрај правната помош, Коалицијата обезбедува и психосоцијална поддршка за транс луѓето кои минуваат низ процесот на транзиција. Во текот на 2016 година контактирани се 11 транс луѓе со цел обезбедување на правна помош или психосоцијална помош.

Во 2014 година, Коалицијата почна да работи со **здравствени работници** со цел унапредување на здравствените права и пристапот до здравствени услуги за транс луѓето. Коалицијата идентификуваше група на здравствени работници кои имаат искуство во работа со транс луѓе или согласно својата специјалност, личен и професионален интерес сакаат да се посветат на прашањата и медицинските проблеми со кои се соочуваат транс луѓето. Здравствените работници поминаа обука и студиска посета во Белград со цел подобро да се запознаат со здравствените услуги и медицинското потврдување на родот, и да се вмрежат со колегите кои работат на вакви интервенции веќе подолг период.

Коалицијата СЗПМЗ при водењето на правните постапки за правно признавање на родот, работи на стратешко застапување преку искористување на сите домашни и меѓународни механизми за заштита на човековите права. За таа цел Коалицијата има покренато постапка пред **Европскиот Суд за човекови права**, за која согласно последниот развој на правната пракса на Судот, може да очекуваме дека судот ќе утврди повреда на правата на жалителот. Покрај утврдување на индивидуална повреда и решавање на случајот, едно од барањата во постапката пред ЕСЧП е и генерален правен лек преку кој системски ќе се реши постапката за правно признавање на родот. Позитивната пресуда е потребно да се искористи за застапување за донесување на закон за правно признавање на родот и промена на практиките на институциите со кои се повредуваат правата на транс луѓето.

Коалиција
**„Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“**
Бул.Климент Охридски 66-1/3
1000 Скопје
Тел. + 389 2 3 214 269
www.coalition.org.mk

Во мај 2017 година, **Министерството за труд и социјална политика** започна да работи на подготовка на информација со која ја информира владата за потребата од донесување закон за правно признавање на родот. Министерството по консултации со граѓанските организации и транс заедницата, ја подготви информацијата и се очекува да биде испратена на разгледување на седница на влада до крај на 2017 година. Со информацијата МТСП ќе побара од Владата да ги донесе следните заклучоци:

1. Владата на Република Македонија ја разгледа и ја усвои Информацијата за потребата од законски измени во насока на обезбедување на еднаков пристап и недискриминација до основните права и обврски на трансродовите лица во Република Македонија;

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, како координатор во областа на недискриминација, во соработка со Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи да формира и да ја координира работната група составена од релевантни Владини институции и претставници од релевантни граѓански организации кои работат на прашањата на ЛГБТИ и недискриминација и трансродови луѓе кои ќе работат на предлог законски решенија, кои се во надлежност на Министерството за правда и Министерство за внатрешни работи, а во насока на обезбедување на еднаков пристап на трансродовите лица во Република Македонија до основните права. Заедничката информација на трите министерства со предлог законски решенија и препораки да се достави до Владата најдоцна до 15 декември 2017 година.

По усвојувањето на информацијата од страна на Владата на РМ, МТСП ќе формира работна група која ќе работи на нацрт законско решение.

## 3. <u>Мапа на клучни актери за правно признавање на родот.</u>

Мапата на клучни актери за донесување закон за правно признавање на родот вклучува надлежи институции, донесувачи на одлуки, домашни и меѓународни организации на човекови права и ЛГБТ. Истите се поделени во табелата подолу, согласно интересот кој го имаат за донесување на закон за правно признавање на родот и моќта да влијаат на процесите.

**Во групата на клучни актери кои имаат висок интерес и моќ се:** Министерството за труд и социјална политика, меѓународни организации (делегацијата на ЕУ), агенциите на ООН и амбасадите на САД, Холандија, Велика Британија, Франција и Германија, мапираните пратеници

поддржувачи на правата на ЛГБТ заедницата (Лилјана Поповска, Маја Морачанин, Павле Богоевски, Јулиана Николова, Ирена Стефоска, Ивана Туфегџиќ и Бранко Манојловски), Народниот правобранител, СДСМ и некои медиуми.

**Во групата на клучни актери кои имаат моќ, но низок интерес (незаинтересираност) или би биле против се:** ВМРО- ДПМНЕ, БЕСА, религиските заедници (МПЦ и ИВЗ), Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Асоцијација на психијатри, Алијанса на Албанците, Демократска унија за интеграција, Министерство за правда, Министерство за здравство, Министерство за внатрешни работи и некои медиуми.

**Во групата на актери кои имаат малку моќ, но висок интерес се:** транс заедницата, приватните здравствени установи, Коалицијата СЗПМЗ (ХОПС, СТАР, ХЕРА, ЕГАЛ, Заедно Посилни), Хелсиншки Комитет за човекови права, Актив на училишни стручни служби од средни училишта на Град Скопје, ЛГБТ Јунајтед Тетово, Субверзивен Фронт, женски организации и организации за човекови права, Мрежа за заштита од дискриминација, Национална мрежа против хомофобија и трансфобија.

Коалиција
**„Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“**
Бул.Климент Охридски 66-1/3
1000 Скопје
Тел. + 389 2 3 214 269
www.coalition.org.mk

**МОЌ** (+ / –)

| | |
|---|---|
| Министерство за правда<br>ВМРО-ДПМНЕ<br>МВР<br>ДУИ<br>БЕСА<br>Некои медиуми<br>Црковни лидери<br>Министерство за здравство<br>Алијанса на Албанците<br>Комисија за спречување и заштита од дискриминација<br>Здружение на психијатри<br>Советник за еднакви можности (МТСП) | Меѓународни организации (Агенции на ОН, делегација на ЕУ, Амбасади)<br>ЛГБТИ Интерпарламентарна група<br>Печат<br>СДСМ<br>МТСП<br>Проект за заштита на лични податоци<br>Народен правобранител<br>Коалиција СЗПМЗ |
| | Приватно здравство<br>Хелсиншки комитет<br>Женски организации<br>Актив на училишни психолози<br>НВО мрежи<br>Субверзивен фронт<br>Транс луѓе<br>ЛГБТ Јунајтед |

– **ИНТЕРЕС** +

Коалиција
**„Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“**
Бул.Климент Охридски 66-1/3
1000 Скопје
Тел. + 389 2 3 214 269
www.coalition.org.mk

## 4. Области на акцискиот план за правно признавање на родот

Областите на акцискиот план се поделени согласно целите кои треба да се постигнат во процесот за донесување на законско решение за правно признавање на родот.

**Области на акцискиот план се:**

- Зголемување на јавната свест за потребата од правно признавање на родот, како чекор кон унапредување и заштита на човековите права на транс луѓето;
- Зајакнување на капацитетите на транс заедницата за нивно активно вклучување во процесите за застапување за правно признавање на родот;
- Градење и зајакнување на партнерства со граѓански организации за човекови права, како партнери и поддржувачи;
- Креирање на нацрт-закон и други законски решенија за правно признавање на родот и обезбедување поддршка од надлежни институции, министерства, пратеници и политички партии.

**Област 1: Зголемување на јавната свест за потребата од правно регулирање на промената на полот, како чекор кон унапредување и заштита на човековите права на транс луѓето**

| Цел | Целна група | Активност | Време | Индикатор | Одговорни за спроведување од тимот на Коалицијата | Преглед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зголемување на информираноста и капацитетите на медиумите и вклучување на | Партнерски медиуми и новинари кои имаат позитивни ставови за ЛГБТ | 1. Организирање на брифинг за медиуми по креирање на нацрт закон;<br>2. Тренинг за медиумски работници за известување за транс лицата; | 2К и 3К 2018 | - бр. на соопштенија,<br>- бр. на новинари кои поминале на тренинг и присуствувале на бриф, | Јана Коцевска, Ирена Цветковиќ, Наташа Бошкова | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| гласовите на транс луѓето и нивните семејства | | 3. Договарање интервјуа со транс лица и експерти;<br>4. Редовно подготвување соопштенија и брифови. | | - бр. на интервјуа и текстови. | | |
| Информрање на јавноста за транс заедницата и создавање на поддржувачка средина | Транс заедницата,нивните смејства Социјални мрежи и поддржувачки медиуми | -Медимуска кампања на социјални мрежи и поддржувачки медиуми со приказни и изјави од транс луѓе и нивни семејства;<br>-Група за поддршка за транс луѓето кои ќе дадат изјави. | Пред законот да стигне во собрание | -Број на текстови во медиуми;<br>-Реакции од заедницата и од социјалните мрежи;<br>-Број на транс луѓе кои учествувале. | Игор Раиден, Јана Коцевска, Ирена Цветковиќ | |
| Поддршка од медицински професионалци | Психолози, психијатри и др. здравствени работници | 1.Мапирање на здравствени работници- поддржувачи;<br>2.Тренинг за здравствени работници за правно признавање на родот со меѓународни експерти;<br>3.Вклучување на здравствените работници со изјави и интервјуа. | К1 2018 и К2 2018 | Број на здравствени работници кои даваат јавно поддршка | Славчо Димитров и Наташа Бошкова | |
| Промовирање на пресудата од ЕСЧП | - медиуми, министерства, пратеници | 1. Состаноци со парламентарци (10);<br>2. Брифинг и соопштение до медиуми;<br>3. Јавна дебата со судии, министерства и активисти. | 2К и 3К 2018 | - бр. на текстови и дебати во медиуми,<br>- парламентарци ја корисат одлуката во парламент,<br>- судии ја користат одлуката во други случаи. | Славчо Димитров, Драгана Дрндаревска и Наташа Бошкова | |
| **Област 2:** **Зајакнување на капацитетите на транс заедницата за нивно активно вклучување во процесите за застапување за правно признавање на родот** | | | | | | |
| **Цел** | **Целна група** | **Активност** | **Време** | **Индикатор** | **Одговорни за спроведување** | **Преглед** |
| Зајакнување на капацитетите на транс заедницата преку обуки | Транс заедница | 1.Тренинг за правно признавање на родот;<br>2.Тренинг за вештини за застапување;<br>3.Тренинг за комуникациски вештини. | 4К 2017 и 1К 2018 | % на зголемено знаење<br>Мапирани мин. 5 транс лица кои ќе се приклучат на тимовите за застапување | Игор Раиден и Ирена Цветковиќ | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Информатор за правно признавање на родот | Транс заедница<br>Донесувачи на одлуки<br>Активисти<br>Медиуми | 1.Пишување на информаторот (дизајн и печатење)<br>2.Состаноци со мапирани пратеници и новинари за претставување на истиот<br>3.Дистрибуција на информаторот помеѓу транс заедницата и активисти | 3К и 4К 2018 | -Издаден информатор;<br>-Број на состаноци;<br>-Број на дистрибуирани копии. | Игор Раиден, Алекс, Тео, Андерс<br>Наташа Бошкова и Драгана Дрндаревска | |
| Вклучување на транс заедницата во застапување | Транс | 1.3 транс активисти контактираат и информираат транс луѓе за процесот<br>2.Основање на 3 транс јадра во 3 градови кои ќе вклучуваат активисти, транс луѓе и нивни семејства | 3К и 4К 2018 | -Број на транс луѓе кои се вклучиле;<br>-Формирани 3 јадра. | Игор Раиден, Алекс, Тео, Ирена Цветковиќ | |
| **Област 3: Градење и зајакнување на партнерства со граѓански организации за човекови права, како партнери и поддржувачи** | | | | | | |
| **Цел** | **Целна група** | **Активност** | **Време** | **Индикатор** | **Одговорни за спроведување од тимот на Коалицијата** | **Преглед** |
| Поддршка од ГО и мрежи | ЛГБТ организации, женски организации, ХИВ и СР организации.<br>Мрежа за дискриминација.<br>Орг. За ЧП<br>Организација заштита на приватноста | 1. Мапирање на организации и активисти заинтересирани за прашањето (работна група/ е-маил листа);<br>2. Потпишување на меморандуми за соработка;<br>3.Тренинг за заинтересирани ГО за правно признавање на родот.<br>4.Нивно вклучување во кампања и тимови за застапување<br>5. Консултации и претставување на нацрт закон | К1 2018 и К2 2018 | -Листа на мапирани активисти и организации;<br>-Потпишани меморандуми;<br>-Одржан тренинг;<br>-Бр. на активисти вклучени во кампања и тимови за застапување. | Драгана Дрндаревска, Ирена Цветковиќ | |

Коалиција
**„Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“**
Бул.Климент Охридски 66-1/3
1000 Скопје
Тел. + 389 2 3 214 269
www.coalition.org.mk

**Област 4: <u>Креирање на нацрт-закон и други законски решенија за право регулирање на промената на полот и обезбедување поддршка од надлежни институции, министерства, пратеници и политички партии</u>**

| Цел | Целна група | Активност | Време | Индикатор | Одговорни за спроведување | Преглед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подготовка на нацрт-закон | Транс заедница, ГО, Министерства (правда и МТСП), експерти | 1.Состаноци со Министри за правда и за труд и социјала;<br>2.Формирање на работна група во МТСП;<br>Ангажирање на експерт за пишување на законот<br>3.Компаративна студија;<br>4.Подготовка на нацрт закон;<br>5.Јавни дебати и претставување на законот;<br>6. Градење на капацитетите на стручната јавност;<br>7. Законот поминува на Влада. | 1К до 3К 2018 | - Подготвен нацрт-закон;<br>- Формирана работна група;<br>-Број на ГО кои учествуваат во групата;<br>-Број на транс луѓе консултирани;<br>-Број на јавни расправи. | МТСП, Коалиција | |
| Поддршка од Собрание | Пратеници и политички партии | 1. Состаноци со политички партии и пратеници;<br>2. Комисиска расправа- Комисија за еднакви можности/ Комисија за здравство/ Комисија за ЕУ- учество на ГО;<br>3. Заклучоци од расправа;<br>4. Закон на пленарна седница. | 4К 2018 1К 2019 | -Број на состаноци;<br>-Позитивни резултати од состаноци;<br>-Број на транс лица и активисти кои земаат збор на комисиска расправа;<br>-Позитивни заклучоци од комисиска расправа. | Коалиција/ Мапирани пратеници | |

Коалиција
**„Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“**
Бул.Климент Охридски 66-1/3
1000 Скопје
Тел. + 389 2 3 214 269
www.coalition.org.mk

## 5. Каков закон сакаме

• Република Македонија има обврска да усвои сеопфатна законска рамка за правно признавање на родот која ќе ги почитува фундаменталните права, и правото на личен и телесен интегритет на транс луѓето;

• Законската рамка за правно признавање на родот треба да обезбеди правила за имплементација, врз кои транс луѓето ќе можат да го променат името, ознаката за пол и матичниот број, со јасни, целосни и недвосмислени упатства за текот и должината на постапката, како и утврдување на надлежните институции што се овластени да ја водат постапката;

• Државата треба да воспостави брза, транспарентна и лесно пристапна постапка за правно признавање на родот, во која транс луѓето ќе можат да го променат името, ознаката за пол и матичниот број во матичната евиденција врз основа на нивното самоопределување, независно од нивната возраст, здравствениот или брачниот статус;

• Брачниот статус на транс луѓето не треба да биде пречка за остварување на правото на правно признавање на родот;

• Законската рамка за правно признавање на родот не треба да наметнува обврска транс луѓето да извршат одредена медицинска интервенција како критериум за да можат да го остварат правото (под медицинска интервенција се подразбира дијагностицирање, хормонска терапија, хируршки зафат или стерилизација);

• Административната постапка за признавање на родот мора да биде целосно одвоена од медицинските процеси. Во транс заедницата постои голема разноликост и наметнувањето униформни медицински услови за луѓе со различни можности и потреби од медицински интервенции би било непочитување на нивниот личен и телесен интегритет. Во исто време, и светските трендови се движат во правец на демедикализација на овој процес, затоа што се работи за административна процедура во која себеодредувањето има примарна улога;

• При подготовката на законската рамка најдобриот интерес на децата треба да биде примарен критериум врз основа на кој ќе се регулира пристапот до правното признавање на родот за луѓето под 18-годишна возраст. При правното признавање на родот кај децата треба да се земе предвид желбата и потребата на детето, во согласност со нивната возраст и зрелост;

CIVICA MOBILITAS

• Државата треба да осигура дека никој нема да биде подложен на непотребна медицинска интервенција или хируршки зафат по раѓањето или за време на детството, и ќе го гарантира телесниот интегритет, автономија и самоопределувањето на сите луѓе независно на возраста;

• Државата треба да ја земе предвид можноста за правно регулирање на луѓето што не се идентификуваат во двата пола, односно воведување на ознака за трет пол;

• Надлежните институции треба директно и во што е можно поголема мера и на посеопфатен начин да ги вклучи транс луѓето во процесот на донесување на законот, кој ќе ги рефлектира нивните потреби и ќе ги штити нивните права.

---

**Поимник на релевантни термини**

1. Пол - категорија која согласно општествените стандарди се заснова врз биолошките карактеристики, се назначува при раѓање и се запишува во матичната евиденција.

2. Ознака за пол - буква (М или Ж) со која се означува полот во матичната евиденција.

3. Родов идентитет - личната идентификација на лицето со одреден род или со негово отсуство. Постојат многу варијанти.

4. Правно признавање на родот - се мисли на признавање на родовиот идентитет на поединецот и негово впишување во матичната евиденција. Во моментов постојат само две опции, што е ограничувачки за лицата кои се идентификуваат надвор од тие категории.

5. Промена на пол - термин кој се користи во медицински контекст и се однесува на целосно хируршко приспособување и премин од еден во друг пол. Се преферира афирмативниот термин „потврдување на родот“ затоа што процесот се движи во насока на физичко приспособување на телото во правец на родот на поединецот, а со тоа и негово потврдување. Во овој контекст може да се користи и терминот „медицинска транзиција“, иако тој произлегува од бинарен контекст (два пола), па секогаш е добро јасно да се наведе за какво лице се работи.

Коалиција
**„Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“**
Бул.Климент Охридски 66-1/3
1000 Скопје
Тел. + 389 2 3 214 269
www.coalition.org.mk

6. Правно регулирање на промена на пол - овој термин се однесува на регулирање на процесот на медицинска транзиција и не треба да се поистоветува со правното признавање на родот, што само по себе е исклучиво административна постапка.

7. Посакуван пол - термин кој се користи за означување на родовата улога во која поединецот сака да живее. Се преферира терминот „префериран род“, „родов идентитет“ или само „род“. Во овој контекст може да се користи терминот „социјална транзиција“, што подразбира живеење во преферираната родова улога, без (или со) започнување на медицинскиот процес.

8. Промена на род - термин кој може да се најде во контекст на промената на ознаката за пол, но најдобро е да не се користи за да не се остави впечаток дека родот е променлив, што ги потхранува аргументите за премислување од страна на транс луѓето подоцна во животот, што оди во прилог на барање ireверзибилни медицински промени, или целосно негирање на потребата од започнување на медицинскиот процес. Од друга страна, ова не го негира фактот дека постојат родово флуидни и родово квир луѓе, но сепак терминологијата која ја користиме треба да биде колку што е можно поуниверзална.

**Накратко, преферираните термини се: ознака за пол, родов идентитет, правно признавање на род, (медицинско) потврдување на род, префериран род, медицинска транзиција, социјална транзиција.**